Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник**

П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
за дополнување на Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје

Скопје, април 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), и член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 67/22) Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на _____, донесе

О Д Л У К А
за дополнување на Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје

Член 1

Во Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје (“Службен гласник на Град Скопје“ бр. 10/15, 17/15, 04/16, 08/16, 13/16, 02/17, 08/17, 06/18, 15/18, 16/18, 02/19, 04/22, 09/22 и 11/22), во Прилог број 1 (Единствена мрежа на линии) во точката „А: Редовни линии“ потточка *б) Мрежа на приградски линии* по редниот број 55 се додава нов реден број 56 кој гласи:

Ред бр.	***Број на линијата***	***Назив на линијата***	**Траса на линијата**	Карактеристични попатни стојалишта	Долж. на лин. (км)	вид на возило
1	2	3	4	5	6	7
56	111	САРАЈ-с.РАДУША	Ул. „Ѓорче Петров“, Ул. „Кузман Шапкарев“, ул.„Црногорска”, с.Кондово, с.Д.Свиларе, с.Радуша	Ѓорче Петров, Кондово, Д.Свиларе, Радуша	19.4	соло
		с.РАДУША-САРАЈ			19.4	

Член 2

Во Прилог број 3 - Возен ред, единствен возен ред за линијата 111 се дополнува со возен делнички ред и тоа:

ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД ЗА ЛИНИЈА БРОЈ 111(делник)

САРАЈ	с.РАДУША
поаѓа	поаѓа
5:35	6:15
7:05	7:55
11:10	12:00
13:40	14:30
15:20	16:10
19:30	20:20

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 08-
_____2023 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02) и член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 67/22) според кој, организацијата на линискиот превоз на патници на подрачјето на сите општини на Градот Скопје го уредува Советот на Градот Скопје, при што се наведени прашањата што особено треба да бидат предмет на уредување со оваа одлука.
Со предложените дополнувања на Одлуката се врши интервенција во Прилозите бр.1 и 3, а дополнувањето се состои во следното:

1) Прилог 1 – Единствена мрежата на линии:

   - Се додава нова линија во мрежата на линии и тоа број на линијата 111 Сарај – с.Радуша. Имено, во изминатиов период оваа линија беше од времен карактер, и во овој пробен период се покажува дека оваа линија најмногу се користи од ученици и студенти од населеното место Радуша до Скопје.Со оглед на тоа што до ова населено место не постои алтернативен превоз за учениците и студентите предлагаме оваа линија да добие статус на редовна линија.

2) Прилог 3 – Возен ред на Единствена мрежата на линии:

   - Се додава единствен возен ред на линијата број 111, со назив на истата Сарај –с. Радуша со делничен возен ред.

Врз основа на наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за дополнување на Одлуката за линиски превоз на патници во градот Скопје.